



**Протоерej Стефан Љашевски** (1899 - 1986), богослов, виден историчар и мислител на Црквата. После Втората светска војна ја напушта Русија и емигрира во Соединетите Американски Држави, каде што ги основа парохиите во Флорида и Балтимор. Автор е на следните трудови: „Првото големо илјадалетие“, „Првобитната Старозаветна Црква во светлината на најновите ископини и истражувања“, „Агиологија: Духовните ликови на светителите“, „Библијата и науката за создавањето на светот“ и многу други. Неговите книги посветени на агиологијата и богословието наидуваат на огромен интерес кај читателите и се преиздаваат речиси секоја година.

# ПРВОБИТНАТА СТАРОЗАВЕТНА ЦРКВА
# ОД АДАМ ДО АВРААМ
# ВО СВЕТЛИНАТА НА НАЈНОВИТЕ ИСКОПИНИ И ИСТРАЖУВАЊА

## [втор дел]




археолошки локалитети во Месопотамија

Адам имал божествен разум, зашто од зборовите дека Адам го знаел секое создание по име, треба да се сфати дека нему му биле откриени сите физички закони на универзумот и на животинскиот свет, кои неговите потомци ги сфатија и ќе ги сфатат дури во иднината. Царството Небесно и е повратениот Рај, и состојбата на душите на праведниците - рајско блаженство, во кое спаѓа и блаженството на сесовршеното знаење, зашто тоа е навистина величествено и достојно дури за ангелските умови, кои во непрестајни славословија ја воспеваат премудроста на Создателот во Неговите созданија. Сосема поинаков стана Адам после прогонството од Рајот, смртен човек во сè сличен на нас, подложен на болести, старост, смрт, распаѓање - само што човечкиот век тогаш беше поинаков - илјада години.



Ериду денес

Но, да ги свртиме своите погледи повторно кон првосоздадениот Рај. Било ли тоа просто едно од многуте парчиња земја со заедничка флора и фауна? Кажано е во Библијата: *И насади Господ Бог рај во Едем, на исток; и таму го смести човекот што го создаде* (Битие 2, 8). Значи, Бог го создаде Рајот со особена усрдност, со бескрајна убавина на дрвјата и цвеќињата; неговите жители од светот на птиците, ѕверовите и животните, и рибите биле не сите што постоеле во природата, туку од Бога избраните за нивниот цар - Адам. Боговидецот Мојсеј ништо не ни раскажа за тоа какви живи суштества го населувале Рајот, така што сите наши претпоставки би биле неосновани. Само едно е можно да се каже со веродостојност: во пределите на Рајот сите созданија им биле покорни на Адам и Ева и тој печат на покорност се сочувал во таканаречените домашни животни, кои Бог му ги оставил на Адам после неговото прогонство од Рајот. Тие домашни животни биолошки се разликуваат од таквите исти но диви, што е една од светските загатки. Сите домашни животни потекнуваат од Средниот Исток т.е. од регионот во кој живееше Адам - Сумер во Јужна Месопотамија.


свети праотец Адам,
фреска од манастирот Григоријат, Света Гора

Во пределите на Рајот покорноста на созданијата кон Адам се изразувала и во тоа што таму никој не јадел никого т.е. не се пролевала крв. И рече Бог (на Адам и Ева): *Еве, ви дадов секаков вид растение, што дава семе, и какво има по целата земја, и секакви дрвја, што во себе имаат семе според својот род и вид: тоа да ви биде за храна! А на сите ѕверови земни, и на сите птици небески, и на сè што се движи по земјата, и во кое има жива душа, им ги дадов сите тревни растенија, за да имаат да јадат." Така и стана* (Битие 1, 29-30). И стана така. Значи до создавањето на Рајот не било така. Живите суштества се јаделе меѓусебно.

## Дрвото на Животот

А какво било Дрвото на Животот, од чијшто плод вкусувајќи Адам ќе можел да живее вечно? Каква е таа храна на вечниот Живот? Според старото светоотечко предание, плодовите на Дрвото на Животот се рајскиот образ на Небесниот Леб Кој слезе од небесата, Кого јадејќи Го, човекот ќе живее во вечни векови. Тоа била небесна трпеза: и како што во облик на земните плодови - лебот и виното - на човекот му се дава небесната храна на Телото Христово, така и во Рајот во облик на плодовите на Дрвото на Животот на Адам му се давала храната на нераспадливиот и вечен Живот. И изгубувајќи ја таа небесна храна, Адам ја изгубил и вечната бесмртност: „И го изгони Адам и постави Херувим за да го чува патот кон Дрвото на Животот".

Небесната храна на вечниот Живот беше повторно вратена дури од Христос-Искупителот. Тоа не беше само праобраз на „Лебот Кој слезе од небесата", Кој нам ни се нуди на Божествената Литургија за наследство на Вечниот Живот, туку Вистински Леб на вечниот Живот, Кој расте на Живоносното, Живототворното Дрво на Животот, кое дава вечен Живот.

Плачот на Адам по изгубениот Рај е пред сè плач по изгубеното Дрво на Животот, по бесмртноста.

Рајското Дрво на Животот во христијанските времиња го замени Животоносното Дрво на Крстот Господов, преку кое нам ни се дарува вечниот Живот.

## Првата богослужба

Првите населби на Адамитите беа Ур и Ериду, на брегот на заливот што потопи огромен дел од територијата на загубениот Рај. Оттаму тие гледале право кон исток, кон местото на Рајот и се молеле кон исток на тоа место каде што Бог Му се јавувал на Адам и беседел со него. Овде Му била принесена првата жртва на Бога. Зборот „Ур" значи - оган. Овде Адам за првпат дознал што е оган.

Адам бил патријарх на сето претпотопно човештво, негов врховен водач. Но бил ли тој и првиот првосвештеник? Не. Кажано е дека првото Богослужење почнало при неговиот син Сит. *И на Сит му се роди син, кого го нарече Енос. Тогаш почна да се призовува името на Господа Бога* (Битие 4, 26). Адам не се сметал себеси за достоен, после, може да се рече, катастрофата за човештвото која дојде преку него, да го призива Името Господово во името на сите луѓе.

Првобитните жртвопринесувања на Адам, Авел и Каин биле сменети со заедничко призивање на името на Господ Бог, со заедничко пеење химни на Бога и, најпосле, со истите тие жртвопринесувања, праобрази на Вечниот Агнец, Заклан за гревовите на светот. Интересно е да се напомене дека жртвопринесувањата се сочувале во стариот свет кај сите народи.

Сит прв ги подигнал своите првосвештенички раце кон Небото за сиот човечки род, тогаш сè уште малуброен, и го направил првиот заеднички жртвеник - камен, олтар на Бога. Сочуван ли е тој? Нему ли му припаѓа најстариот храм во светот во градот Ериду, со плоштина од сè на сè 3 $м^2$, што потекнува од 5 илјади години пред Христа, што бил изграден на рид и можел да се сочува после потопот, после возобновувањето на Ериду? Како што веќе укажавме и не еднаш понатаму ќе се осврнеме на тоа, Ериду, слично на другите градови, го има претпотопниот културен слој на Адамитите и, после прекинот, последувателните слоеви на Сумерската култура.


свети праотец Сит, фреска од манастирот Григоријат, Света Гора

Неопходно е да се напомене дека Сит живеел 912 години и умрел 12 години пред раѓањето на Ное (види табела на животот на праотците).

Спомнатиот храм, поточно жртвеник, во текот на илјадниците години бил прошируван 16-кратно, но секој пат тој олтар, тој првобитен храм останувал во центарот во недопрен облик. Зошто така го чувало древното човештво? Одговорот се наметнува сам по себе, но за да се одговори на тоа со веродостојност потребни се уште неколку децении археолошки истражувања. Ќе наведеме цитати од книгата на Гордон Чајдл: „Во секој случај, најстара нам позната градба на територијата на Сумер претставува светилиштето во Ериду, сменувано со цела низа подоцнежни свештени зданија; овие зданија беа крунисани со градбата во почетокот на 3-то илјадалетие пред н.е. Првите земјоделци кои се населија во Ериду подигнаа недалеку од морето квадратно светилиште (храм-XVI) со плоштина од само околу 3 $м^2$, изградено од долги призматични форми на необработени цигли. Храмот XI веќе бил со должина од 15 метри и во себе ги вклучувал скапоцените остатоци на древните светилишта". После потопот техниката на градење веќе била многу посовршена.

Штом Сумерите во текот на цели илјадалетија умееле така да ги чуваат светите останки на првиот храм, значи дека за тоа имало добра основа. Ако не тој триметарски олтар, тогаш во секој случај тоа можело да биде она место на коешто Сит вршел богослужби не многу пред раѓањето на Ное.

Имало ли многу луѓе на првата Богослужба? Адам, Ева, Сит, неговата жена, родениот син Енос и никој повеќе? На таа прва Богослужба присуствувале не само тие туку и многуте синови и ќерки на Адам, и можно е дури и неговите внуци. Боговидецот Мојсеј вели: *Адам поживеа двесте и триесет години, кога му се роди син според подобието свое и според образот свој, и му даде име Сит. А откако го роди Сита, Адам поживеа уште седумстотини години, раѓајќи синови и ќерки* (Битие 5, 3-4).

За првата Богослужба се зборува како за таква што се случила после раѓањето на Енос, кој се родил во 235 година т.е. 100 години по раѓањето на Сит. Во тој временски период од сто години Адам можел да има многу синови, ќерки и внуци.

Сите праотци заклучно со Ное живееле повеќе од 900 години и само Енох живеел малку - 365 години и бил однесен на небото. Сим живеел 600 години, по сè изгледа и Јафет живеел исто толку, а потоа животот постепено се скратувал до 400-300 години и веќе во времето на Авраам неговиот 175-годишен живот се сметал за благословено долголетие.

Да се свртиме сега кон тој поразувачки факт кој поминува некако незабележан во историјата на Стариот Завет, но кој има огромно значење за сфаќањето на многу моменти на повеста - сите праотци од Адам па заклучно со Ламех, таткото на Ное, живееле едновремено. Адам можел, и по сè изгледа и било така, да разговара со Ламех во текот на сто години од својот живот, исто како и со неговиот татко Матусал, и да им раскажува сè што самиот знаел за Рајот и за создавањето на светот, а Ламех и Матусал сето тоа, без сомнение, му го пренеле на Ное, а при внуците и правнуците на Ное се појавило и древното сумерско клинесто писмо т.е. 3 иљади години пред Христа, според археолошките податоци, што соодветствува со времето на Ноевите внуци.



свети праотец Ное, фреска од манастирот Григоријат, Света Гора

## Табела на животот на праотците:

| Година на раѓање | Праотци | Година на смрт | Должина на живот | Прв син |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Адам | 930 | 930 | 130 |
| 130 | Сит | 1042 | 912 | 105 |
| 235 | Енос | 1140 | 905 | 90 |
| 325 | Каинан | 1235 | 910 | 70 |
| 395 | Малелеил | 1290 | 895 | 65 |
| 460 | Јаред | 1422 | 962 | 162 |
| 622 | Енох | 987 | 365 | 65 |
| 687 | Матусал | 1654 | 969 | 185 |
| 872 | Ламех | 1651 | 777 | 182 |
| 1056 | Ное | 2006 | 950 | 500 |
| 1556 | Сим | 2156 | 600 | |

Согласно овие податоци, потопот се случил во 1656 година.

Како премудро било предвидено од Божјата Промисла: никој од праотците не загинал во водите на потопот, ни таткото на Ное, ниту неговиот дедо, бидејќи потопот се случил 2 години по смртта на Ноевиот дедо, Матусал, а таткото на Ное, Ламех, умрел уште порано. Тоа немало да се случи да се оженел праведниот Ное, како и сите други, на стогодишна возраст, а тој се оженил на возраст од 500 години, затоа и сè така излегло.

И така, како што гледаме, сета историја за Рајот, за падот во грев, за Дрвото на Животот, за десетте праотци, за потопот, за Ное и неговите тројца синови, освен преку богооткриеното знаење на Мојсеј, можело да им биде познато на луѓето и по пат на непосредно предание од татко на син. И затоа нема ништо зачудувачко во тоа што сите набројани настани им биле познати на Сумерите и биле запишани, макар и во мошне искривен облик; и што до нас дојдоа вавилонските клинописни таблици уште од тоа време кога вистинското Богопочитување веќе било заборавено и се вмешала незнабожечката митологија - изменети се сите имиња на праотците и сосема побркани сите датуми и настани.

Боговидецот Мојсеј имал богооткриено знаење иако нема, се разбира, никаква гаранција за тоа дека во сегашниот текст на Книгата Битие не се појавиле при препишувањето подоцнежни дополнувања и грешки, на што ќе се задржиме понатаму.



клинописни таблици од Месопотамија

## Создавање на првите градови

Дури за времето на Јаред, праправнукот на Сит, роден во 460 г., кој поживеа 960 години и умре 230 години пред потопот, човештвото веќе излезе од рамките на првата илјада и на тој начин се појави можност и потреба од создавање на поголеми населби и изградба на градови. Најстариот, или поточно, првиот град во светот за кој знае археологијата беше токму Ериду или Јериду. Сосема природно е да се претпостави дека беше основан од самиот Јаред и го доби името во негова чест. А синот на Јаред, Енох, откако го роди Матусала, дедото на Ное, беше земен на небото и одново ќе биде вратен на земјата за време на Антихристот, за да биде убиен од него заедно со пророкот Илија и на тој начин сите потомци на Адам да вкусат смрт; зашто, бесмртноста беше изгубена во Рајот.

Сега да се свртиме кон тие први градови во светот: Ериду и Ур. Еве што пишува за нив на археолошката карта на Месопотамија издадена во 1954 г. од Научното здружение на Националното географско списание во САД:

„**Ериду**. Првата престолнина на долна Месопотамија постоела околу 4000 години пред Христа. Храмот овде откопан претставува најстара религиозна градба за која човекот знае.“

„**Ур**. Огромниот ров со ископини во 1929 г. откри три културни слоја на населби, покриени 11 стопи (3 метра) со талози од вода или наноси од големи поплави, слично на она опишаното во книгата Битие (потопот).“ Над овој слој на делувиум (потоп) лежат културните слоеви на предисторискиот Ур.

„**Обеид (Убаид)**. Обеидскиот период (најстар во историјата на првото човештво) почнува од 5-от век пред Христа и е најраната Вавилонска цивилизација. Циглите од глина ги формираат првите градски ѕидини.“

„**Ерех или Урук** (на брегот на исчезнатиот залив). Цилиндрични печати, многу ефектни, се употребувале овде во 4-от милениум.“

„Сумерските натписи од 3000 г. пред Христа се примери на најдревната писменост позната на човештвото.“

Сите тие градови, со исклучок на Урук, се наоѓале надоглед еден на друг, на брегот на древниот морски залив што постоел во времето на Адамитите, на местото каде што во него се влевала „Големата река Ефрат“, како што не еднаш ја нарекува Мојсеј.

Животот во тие Адамитски градови ќе го разгледаме во следната глава.



реконструкција на храмот во Ериду